ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПОТРЕБНИ КОМПЕТЕНЦИИ НА ПРОВЕРУВАЧИ И ПЕРСОНАЛ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ISO 9001 (QMS) И СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ISO 14001 (EMS) И СИСТЕМИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ISO 45001 (OH&SMS)

ПР 03-05

Содржина

1. НАМЕНА
2. ПОДРАЧЈЕ
3. ПОИМИ И ДЕФИНИЦИИ
4. ПОТРЕБНИ КОМПЕТЕНЦИИ НА ПРОВЕРУВАЧИ И ПЕРСОНАЛ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА
5. КРИТЕРИУМИ ЗА ИМЕНУВАЊЕ И НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПРОВЕРУВАЧИ И ПЕРСОНАЛ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА

Референтни документи

1. НАМЕНА

Намената на оваа постапка, одобрена од страна на директорот на ИАРСМ, врз основа на член 23 од Статутот, е да ги утврди барањата што треба да ги исполнуваат проверувачите и останатиот персонал на телата за сертификација на системи за управување со квалитет ISO 9001 (QMS), системи за управување со животната средина ISO 14001 (EMS) и системи за управување со здравје и безбедност при работа ISO 45001 (OH&SMS).

2. ПОДРАЧЈЕ

Оваа постапка се однесува на проверувачите (auditors) и останатиот персонал на телата за сертификација на системи за управување со квалитет ISO 9001 (QMS), системи за управување со животната средина ISO 14001 (EMS) и системи за управување со здравје и безбедност при работа ISO 45001 (OH&SMS)и се применува од оценувачите на ИАРСМ при оценката на сертификациските тела за системи за управување.

3. ПОИМИ И ДЕФИНИЦИИ

Опсег на акредитација: Опсегот на акредитација на сертификационо тело за системи за управување е дефиниран со соодветниот стандард за систем за управување, ISO 9001 (QMS), ISO 14001 (EMS) , ISO 45001 (OH&SMS), стандардот што ги дефинира барањата за компетенции за проверка и сертификација, МКС EN ISO_IEC 17021-3:2019, МКС EN ISO_IEC 17021-2:2019, МКТС ISO/IEC TS 17021-10:2020 и подрачје/техничка област, IAF-кодови согласно IAF ID 1:2020 и релевантните NACE-кодови rev.2.

Техничка област (ISO/IEC 17021-1) се применува различно во зависност од тоа за кој стандард за системи за управување се работи. За секој систем за управување, поимот е поврзан со производи, процеси и услуги во контекст на подрачјето на стандардот за системот за управување.

Техничка област за QMS - се однесува на процесите неопходни за исполнување на очекувањата на заинтересираните страни и применливите законски и регулаторни барања за производите и услугите на организацијата.

Техничка област EMS - област која се карактеризира со заедништво на процеси, релевантни за системот за управување со животната средина и неговите наменети резултати.

Техничка област OH&SMS - област која се карактеризира со заедништво на процеси кои се релевантни за системот за управување со здравјето и безбедноста при работа и неговите наменети резултати.

4. ПОТРЕБНИ КОМПЕТЕНЦИИ НА ПРОВЕРУВАЧИ И ПЕРСОНАЛ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА

Согласно МКС EN ISO/IEC 17021-1 : 2016 сертификационото тело мора да ја дефинира компетентноста за секоја техничка област и за секоја функција на сертификационата активност (т 7.1.2).

4.1 ПОТРЕБНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ПРОВЕРУВАЧИ НА СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ

Општо:

МКС EN ISO/IEC 17021-1 : 2016 (АНЕКС А1)

А.2.1 Познавање на практиките за управување со бизнис

Познавање на општите типови на организација, големина, владеење, структура и практики на работното место, системи за информации и податоци, системи за документација и информатичка технологија.

А.2.2 Познавање на принципите, практиките и техниките за проверка
Познавање на принципите, практиките и техниките за проверка на генерички системи за управување, како што е наведено во овој стандард, доволни за спроведување на проверки за сертификација и евалуација на процесите на внатрешна проверка.
А.2.3 Познавање на специфични стандарди за систем за управување/нормативни документи
Познавање на стандардот за систем за управување или други нормативни документи што се специфицирани за сертификација и доволни за да се утврди дали е ефективно имплементиран и во согласност со барањата.
А.2.4 Познавање на процесите на сертификационото тело
Познавање на процесите на сертификационото тело доволно за нивно извршување во согласност со процедурите и процесите на сертификационото тело.
А.2.5 Познавање на деловниот/бизнис сектор/от на клиентот
Познавање на терминологијата, практиките и процесите што се вообичаени за деловниот сектор на клиентот, доволно за да се разберат очекувањата на секторот во контекст на стандардот за системот за управување или друг нормативен документ.
ЗАБЕЛЕШКА: Под бизнис сектор се подразбира економската дејност (на пр. воздухопловни, хемиски, финансиски услуги).
А.2.6 Познавање на производите, процесите и организацијата на клиентот
Знаење поврзано со видовите производи или процеси на клиентот доволно за да се разбере како таквата организација работи и како организацијата може да ги примени барањата од стандардот за системот за управување или други релевантни нормативни документи.
А.2.7 Јазични вештини соодветни за сите нивоа во рамки на организацијата на клиентот
Способност да се комуницира ефективно со лица на кое било ниво во организација користејќи соодветни поими, изрази и говор.
А.2.8 Вештини на водење на белешки и пишување извештаи
Способност за читање и пишување со доволна брзина, прецизност и разбирање заради евидентирање, водење на белешки и ефективно комуницирање на наодите и заклучоците од проверката.
А.2.9 Презентациски вештини
Способност за презентирање на наодите и заклучоците од проверката со цел нивно лесно разбирање. За лидерот на тимот, презентирање пред јавен форум (пр. завршни состаноци) на наодите, заклучоците и препораките на соодветен начин за публиката.
А.2.10 Вештини за интервјуирање
Способност за интервјуирање со цел да добијат релевантни информации со поставување на отворени, добро формулирани прашања и слушање со цел да се разберат и оценат одговорите.
А.2.11 Вештини за управување со проверката
Способност за спроведување и управување со проверката со цел да се постигнат целите на проверката во договорената временска рамка. За лидерот на тимот, способност за олеснување на состаноците заради ефективна размена на информации и способност за доделување на задачите или нивно повторно доделување кога тоа е потребно.

Детално:
QMS
Дефинирани во т. 5 на МКС EN ISO/IEC 17021-3:2019

EMS
Дефинирани во т. 5 и т. 6 на МКС EN ISO/IEC 17021-2:2019

OH&SMS
Дефинирани во т. 5 на МКТС ISO/IEC TS 17021-10:2020

4.2 ПОТРЕБНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ПЕРСОНАЛОТ КОЈ ГИ РАЗГЛЕДУВА ИЗВЕШТАИТЕ ОД ПРОВЕРКАТА И ОДЛУЧУВА ЗА СЕРТИФИКАЦИЈАТА

Општо:
МКС EN ISO/IEC 17021-1 : 2016 (АНЕКС А1)
Функциите може да ги извршува едно или повеќе лица.
А.3.1 Познавање на принципите, практиките и техниките за проверка
Познавање на принципите, практиките и техниките за проверка на генерички системи за управување, како што е наведено во овој стандард, доволни за разбирање на извештај од проверка за сертификација.
А.3.2 Познавање на специфични стандарди за систем за управување/нормативни документи
Познавање на стандардот за системот за управување или други нормативни документи што се специфицирани за сертификација, доволно за да се донесе одлука врз основа на извештајот од проверката за сертификација.
А.3.3 Познавање на процесите на сертификационото тело
Познавање на процесите на сертификационото тело доволно за да се утврди дали очекувањата на сертификационото тело се исполнети врз основа на информациите доставени на преглед.
А.3.4 Познавање на деловниот/бизнис сектор/от на клиентот
Познавање на терминологијата, практиките и процесите што се вообичаени за деловниот сектор на клиентот, доволно за да се разбере извештајот од проверката во контекст на стандардот за системот за управување или друг нормативен документ.

Детално:
QMS
Дефинирани во т. 6 на МКС EN ISO/IEC 17021-3:2019

EMS
Дефинирани во т. 7.3 на МКС EN ISO/IEC 17021-2:2019

OH&SMS
Дефинирани во т. 6 на МКТС ISO/IEC TS 17021-10:2020

4.3 ПОТРЕБНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ПЕРСОНАЛ КОЈ ЈА РАЗГЛЕДУВА ПРИЈАВАТА ЗА ДА ГИ УТВРДИ ПОТРЕБНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ НА ТИМОТ ЗА ПРОВЕРКА, ЗА ДА ГИ ИЗБЕРЕ ЧЛЕНОВИТЕ НА ТИМОТ ЗА ПРОВЕРКА И ДА ГО ОДРЕДИ ВРЕМЕТО ЗА ПРОВЕРКА

Општо:
ISO/IEC 17021-1: 2015 (АНЕКС А1)

Функциите може да ги извршува едно или повеќе лица.
А.4.1 Познавање на специфични стандарди за систем за управување/нормативни документи
Познавање на она што стандардот за системот за управување или другите нормативни документи го специфицираат за сертификација.
А.4.2 Познавање на процесите на сертификационото тело
Познавање на процесите на сертификационото тело доволно за назначување на компетентен тим за проверка и правилно одредување на времето за проверка.

А.4.3 Познавање на деловниот/бизнис сектор/от на клиентот
Познавање на терминологијата, практиките и процесите кои се заеднички за деловниот сектор на клиентот, доволни за да се назначат надлежните членови на тимот на ревизија и точно да се одреди времето за проверка.
А.4.4 Познавање на производите, процесите и организацијата на клиентот
Познавање поврзано со типовите на производи или процеси на клиентот доволно за назначување на компетентен тим за проверка и правилно одредување на времето за проверка.

Детално:
EMS
Дефинирани во т. 7.2 на МКС EN ISO/IEC 17021-2:2019

OH&SMS
Дефинирани во т. 7 на МКТС ISO/IEC TS 17021-10:2020

5.КРИТЕРИУМИ ЗА ИМЕНУВАЊЕ И НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПРОВЕРУВАЧИ И ПЕРСОНАЛ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА

5.1 Првично именување

Согласно т. 7.1.2 на ISO/IEC 17021-1одговорност на сертификационото тело е да ги утврди критериумите за компетентност за секој тип на систем за управување, секоја техничка област и секоја функција во процесот на сертификација, како и да ги документира потребните знаења и вештини.
Во Анекс B на ISO/IEC 17021-1се наведени примери на методи за евалуација на компетентноста за првична проценка на компетенциите и тековно следење на компетенциите и перформансите на целиот персонал вклучен во управувањето и спроведувањето на проверките и другите активности за сертификација.
Согласно т.7.1.3 на ISO/IEC 17021-1мора да има процес за утврдување и одржување на компетентноста. Резултат од процесот е документирани критериуми за потребното знаење и вештини потребни за ефективно вршење на задачите за проверка и сертификација, кои треба да се исполнат за да се постигнат планираните резултати.
Во Анекс C на ISO/IEC 17021-1 е прикажан пример за тек на процесот за утврдување и одржување на компетентноста, што треба да го применат сертификациските тела.

Системот за утврдување на компетентноста на сертификационото тело мора да биде надополнет со критериуми за компетентност, односно знаење и вештини во методолошките, организациските и техничките области во согласност со Анекс A1 од ISO/IEC 17021-1и ISO/IEC 17021-3, ISO/IEC 17021-2 и ISO/IEC TS 17021-10.

Сертификационото тело мора да обезбеди доказ за именување и класификација на проверувачите и персонални досиеја за секое лице вклучено во процесот на сертификација (т.7.4).
За секој од системите за управување, сертификационото тело мора да ги утврди нивните компетенции за техничките области (IAF/NACE-кодови).

За првиното именување/овластување на проверувачи, технички експерти, преиспитувачи на пријава и сертификатори критериуми и барања мора да се дефинирани од страна на сертификационото тело и достапни докази за : квалификација (образование, професионално искуство и искуство во техничката област, познавање на MS/СУ, обука за стандардите на системот за управување), како и доказ за познавање на системот за управување на

сертификациотто тело, задолжителните документи на ИАРСМ и IAF, доказ за претходно учество во проверки, надзор на работата на проверувачот, учество во размена на знаења, компетенции за водење на тим, компетенции за учество во тим, компетенции за техничка област, земајќи ги предвид спецификите за секој систем за управување во однос на техничките области (Класи на ризик, комплексност на системите, Аспекти на и влијанија врз животната средина- EMS, вообичаени опасности по здравјето и безбедноста при работа – OH&SMS (IAF MD 5, IAF MD 22).
Проверувачите обично се именуваат за максимум три години, потоа именувањето мора да се преиспита и евентуално да се обнови.

5.2 Назначување на водач/член на тим и донесувачи на одлуки за секоја проверка

Согласно т. 9.1.2.3 и т.9.2.2 на ISO/IEC 17021-1за секоја прифатен пријава за сертификација, пред проверката, сертификационото тело мора да ги утврдуви компетенциите, кои треба да ги вклучи во својот тим за проверка и за одлуката за сертификација. Телото за сертификација мора да има процес за избор и назначување на тимот кој врши проверка, вклучувајќи го лидерот на тимот и техниките експерти, доколку е потребно, притоа земајќи ја предвид потребната компетентност за постигнување на целите на проверката и барањата за непристрасност (IAF MD 5, IAF MD 11).

Референтни документи:

- МКС EN ISO/IEC 17021-1:2016 Оценка на сообразност - Барања за тела кои обезбедуваат проверка (audit) и сертификација на системи за управување - Дел 1: Барања
- МКС EN ISO/IEC 17021-2:2019 Оценка на сообразност - Барања за тела кои обезбедуваат проверка и сертификација на системи за управување - Дел 2: Потребни компетенции за проверка и сертификација на системи за управување со животната средина
- МКС EN ISO/IEC 17021-3:2019 Оценка на сообразност - Барања за тела кои обезбедуваат проверка и сертификација на системи за управување - Дел 3: Потребни компетенции за проверка и сертификација на системи за управување со квалитетот
- МКТС ISO/IEC TS 17021-10:2020 Оцена на сообразност – Барања за тела кои обезбедуваат проверка и сертификација на системи за менаџмент – Дел 10: Барања за компетентност за проверка и сертификација на системи за менаџмент за здравје и безбедност при работа
- IAF MD 5 Одредување на времето за проверка на системите за управување со квалитет, со животна средина и со здравје и безбедност при работа
- IAF MD 11IAF Задолжителен документ за примена на ISO/IEC 17021-1 за проверка на интегрирани системи за управување
- IAF MD 22Примена на ISO/IEC 17021-1 за сертификација на системи за менаџмент за здравје и безбедност при работа (OH&SMS)